**Архивски бр.:** ИП1 29-352
**Дата:** 21.05.2025 година

Државниот инспекторат за животна средина преку Имрије Љума Мемеди со службена легитимација број 06-0002, изврши редовен инспекциски надзор во Правниот субјект ЕЛКОС ГРОУП ДОО експорт импорт Скопје Подружница број 1 ЕЛКОС ГРОУП Гостивар. Со Записник бр. ИП1 29-352 од 14.05.2025 година. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 52 став 1 од **Закон** за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад **„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21** донесе:

## РЕШЕНИЕ

СЕ ЗАДОЛЖУВА одговорното лице Наим Лекај - Управител на правниот субјект ЕЛКОС ГРОУП ДОО експорт импорт Скопје Подружница број 1 ЕЛКОС ГРОУП Гостивар да преземе мерки за отстранување на недостатоците утврдени со записник бр. ИП1 29-352 од 14.05.2025 година и тоа:

1. Да се регистрира кај Стручниот орган (МЖСПП) согласно член 14 од **Закон** за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад **„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21**
2. Рок: 15 (петнаесет ) дена од приемот на решението
3. Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина изврши редовен инспекциски надзор во Правниот субјект ЕЛКОС ГРОУП ДОО експорт импорт Скопје Подружница број 1 ЕЛКОС ГРОУП Гостивар.. При надзорот беа присутни претставници од Државниот инспекторат за животна средина Имрије Љума Мемеди–Државен инспектор за животна средина-канцеларија Гостивар и Нада Ристоска – Вработена во Правниот субјект.. Согласно редовниот инспекциски надзор се изготви Записник за констатација со бр. ИП1 29-352 од 14.05.2025 година.
При увидот на лице место е констатирано следното: Субјектот на надзор не е регистрирано кај стручниот орган во согласност со начинот и постапка утврдени со прописите за проширена одговорност на производителот за управувањесо посебните текови на отпад ( текстил) член 14 од Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад „Службен весник на


**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**ДржавенИнспекторат заживотна средина**
Палата Емануел Чучков
Јордан Мијалков, 5-спрат, Скопје 1000,

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapsinor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Pallati Emanuel Cuckov,
Jordan Mijalkov, 5-kat, Shkup 1000)

i.luma@sei.gov.mk
tel.076 446 263

Република Северна Македонија“ бр. 215/21 Од погоренаведеното согласно Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад горенаведениот субјект треба да се регистрира кај Стручниот орган (МЖСПП) согласно член 14 од Законот.

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото Решение на Државниот инспектор за животна средина и не ги отстранат причините за настаната состојба утврдени со решението , Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот прекршочен орган, согласно член 32 став 3 од Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21

Од погоре наведеното се донесе Решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против ова Решение согласно со членот 84 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр.102/2019 и 22/25) може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина–канцеларија во Гостивар под број ИП1 29-352 од 21.05.2025 година.

Државен инспектор за животна средина
Имрије Љума Мемеди

Доставено до:
Архива
ЕЛКОС ГРОУП ДОО експорт импорт Скопје Подружница број 1 ЕЛКОС.


Министерство за животна средина и просторно планирање
ДржавенИнспекторат заживотна средина
Палата Емануел Чучков
Јордан Мијалков, 5 спрат, Скопје 1000,

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapsinor
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Pallati Emanuel Cuckov,
Jordan Mijalkov, 5-kat, Shkup 1000)

i.luma@sei.gov.mk
tel.076 446 263